ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден 21.09.2015 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на одделение за општи и правни работи Јаготка Николовска Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓеоргиевска, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка Томе Тодоровски, Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Игор Додевски, Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

До Градоначалникот да се нотираат и достават сите проблеми, предлози и друго од сферите на надлежности на различни министерства. Сите раководители. 21.09.2015

За Белевски Дол да се води постапка за издавање на одобрение за градба. Никола Граматиков и Добривој Николовски 21.9.2015

Во врска со проектот за реновирање на салата за енергетска ефикасност за ОУ Илинден да биде изготвена посебна предмер пресметка. Никола Граматиков

За проектот изградба на пат Ловечка Куќичка – Езерце -Калин Камен да се обезбеди, проект за инфраструктура и да се води постапка за издавање на одобрение за градба. Никола Граматиков и Добривој Николовска 21.09.2015

За повеќенаменското игралиште во с. Конопница да се контактира со надлежните за приклучок на струја. Никола Граматиков 21.09.2015

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Градоначалникот да се известува за активностите во врска со Урбанистичките планови за Калин Камен, УП во градот и изготвувањето на општите акти. Добривој Николовски 21.9.2015

Известување дека се набавени сообраќајни знаци и дека дописот до МВР за регулирање на движењето на камионите е испратен. Добривој Николовски 21.9.2015

Да се нотираат и достават до Градоначалникот сите забелешки и констатирани грешки во врска со урбанистичките планови Добривој Николовски 21.09.2015

Да се утврдат можни површини за изградба на згради и да се даде предлог до Градоначалникот. Добривој Николовски 21.09.2015

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Да се изготви Решение за комисија за предавање на канализациони ситеми во состав Томе Тодоровски, Александар Ангелов, Бранко Велиновски, Добри Јовановски и Емил. Преседател на комисијата да биде Директорот Томе Тодоровски кој ќе ги организира работите на комисијата за преземање на канализационите системи. 21.9.2015

Да се даваат согледувања и известувања за постапките за јавни набавки. 21.9.2015 Биљана Тасевска.

За наредната седница на Советот на Општина Крива Паланка да се подготви одлука приклучување на општината кон проектот Затворање на депонии, транспорт и депонирање. Јаготка Николовска 21.09.2015

За 8-ми Октмоври да се пушти покана за Свечената Седница до збратимените градови 21.09.2015. Игор Додевски

**Одделение за инспекциски надзор**

Во врска со канализацијата Мождивњак прва фаза да се изврши увид на лице место да се нотираат недостатоци и истите да се достават до изведувачот. Бранко Велиновски пренесено од претходниот колегиум

Заедно со комисијата да се изврши увид и да се подготви листа на системи кои треба и можат да се предадат на ЈП Комуналец 21.09.2015

Да се продолжи со организација за Хуманитарната трка на 4 Октомври . Бранко Велиновски 21.09.2015

Да се направи подготовка во врска со проектот за собирање на Електронски отпад Бранко Велиновски 21.09.2015

**Одделение за финансиски прашања**

На состанок во Четврток 8.30 часот со Консултантот на Светска Банка да присуствуваат Душко Арсовски, Татјана Ѓеоргиевска, Добривој Николовски, Никола Граматиков. 21.09.2015

Да се види за распоредување на комуналните трошоци за користење на просториите со останатите институции во општината. Пренесено од колегиумот од 7.9.2015

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Изготвил И. Додевски

Крива Паланка 21.9.2015 година